## Семинар „Со GS1 стандардите до информатички здравствен систем” - ВО ФУНКЦИЈА НА ЗАБРЗУВАЊЕ НА РЕФОРМИТЕ ВО ЗДРАСТВЕНИОТ СЕКТОР

Македонската асоцијација за нумерирање на артиклите - GS1 Македонија во соработка со GS1 Србија, на 12 јуни 2009 година, во Стопанската комора на Македонија одржа семинар „Со GS1 стандардите до информатички здравствен систем”.




- Во здравството, исто како и во останатите области се повеќе доаѓа до израз потребата од преиспитување на управувањето во работењето, елиминирање на непродуктивните, непотребни и застарени процеси кои мораат да бидат надминати. Во исто време потребно е да се унапредат административните и логистичките процеси во здравствените организации и нивна рационализација. Тоа ја наметнува потребата од примена на автоматско прибирање и обработка на податоците, како и нивна електронска размена, базирана врз меѓународните стандарди, што е еден од клучните фактори од кои зависи успешноста на реформските зафати и претстојната стандардизација на здравствениот сектор во Република Македонија. - порача Владимир Поповски, заменик министер на Министерството за здравство на Република Македонија.



Мирослав Илиќ, директор на GS1 Србија ги презентираше резултатите постигнати со примена на GS1 Стандардите во „Апотека Београд“ , најголема организација на Балканот, која во својот состав има 103 аптеки, шест производни лаборатории и 1.200 вработени. Тој истакна дека со апликативната примена на GS1 стандардите во Србија се постигнати две значајни работи кои ја олеснуваат работата во здравствените установи и ја забрзуваат работата со пациентите. Со електронска размена на документите на аптеките со добавувачите и автоматско внесување на сите податоци во информатичкиот систем се заштедува на време од неколку часови на неколку секунди. Со електронските рецепти кои се баркодирани со дводимензионална (2-D) Data Matrix симбологија се овозможува забрзување на работата во аптеките со пациентите (скратување на времето за обработка на еден рецепт од 40 секунди на само неколку секунди).



-Вклучувањето на субјектите од здравствениот сектор во GS1 системот е витално важно за нивното функционирање, особено доколку сакаат да се вклучат во современите меѓународните економски текови. Најголема корист од автоматизацијата и примената на електронското работење се остварува кога сите страни на било кој начин поврзани во тој процес, по било кој основ, користат стандардизирани структури, односно стандарди разбирливи и препознатливи за сите. Тоа се GS1 стандардите, алатка која ја нуди GS1 Македонија за остварување на проектот на Владата на Република Македонија за Информатички здравствен систем. - истакна Слаѓана Милутиновиќ, директор на GS1 Македонија-Меѓународната GS1 организација е водечка глобална организцаија за стандарди во областа на здравството. Со GS1 стандардите се врши идентификација, бар кодирање, синхронизација и размена на податоците. Со нивната примена во здравствениот сектор се овозможуваат низа бенефити за сите учесници. - нагласи во воведното излагање м-р Јелисавета Георгиева, генерален секретар на Стопанската комора на Македонија.